ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

СПИбр / Nr. 21/2021
28. 05. 2021 год. / v.
СКОПЈЕ/SHKUP

Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ СУ.бр. 13/2021
31.05. 2021 година
Кратово

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бул. „Крсте Мисирков" бр. 8, 1000 Скопје - тел.02/3136-044 - факс.02/3237-538 - info@vsrm.mk

**СПИ.бр.21/2021**
**28.05.2021**

**До: Основен суд**

**ПРЕДМЕТ: Препраќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер СПИ.бр.21/2021 од 25.05.2021 година.**

До Врховниот суд на Република Северна Македонија, [redacted] поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под СПИ.бр.21/2021 од 25.05.2021 година.

По запознавање со содржината на барањето, Врховниот суд на Република Северна Македонија констатира дека барањето се однесува на податоци за обвинети и осудени сторители на кривични дела против животната средина (Глава XXII од Кривичниот законик) за периодот 2014-2019 година. Со оглед дека Врховниот суд на Република Северна Македонија не располага со бараната информација а според содржината на барањето, иматели на информациите од јавен карактер кои ги бара подносителот се основните судови, согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/2019 година), Ви го препраќаме барањето заведено под СПИ.бр.21/2021 од 25.05.2021 година, на Ваша надлежност.

Прилог: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

ВРХОВЕН СУД НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
м-р Снежана Димитровска

ВРХОВЕН СУД НА ... СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
25.05.2021
со / me ... прилози / shtesa СПИ-24/2021
од обработувач / punëtor përgjegjës

( Образец ПП……)

До Врховен суд на С.Македонија

# Б А Р А Њ Е

## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10,42/14, бр.148/15 и бр. 55/16), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Молам во најкраток можен рок електронски да ми достават податоци за обвинети и осудени сторители на кривичните дела против животната средина (Глава XXII од Кривичниот законик) за периодот 2014-2019 година и обвинети и осудени сторители на кривичното дело чл.226 „Пустошење на шума" за истиот период. Молам да ми се достават податоци поврзани со обвинети и осудени лица при ОА „Гора" односно потребен ми е епилогот со кој завршила оваа акција, за период 2014-2019 година. Податоците ќе бидат искористени исклучиво за научни цели, поточно за изработка и комплетирање на магистерски труд со тема „Криминалистички карактеристики на еколошките кривични дела со посебен осврт на кривичното дело Пустошење на шума" при Факултетот за безбедност – Скопје. Ви благодарам однапред.

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: //////

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје　　　　　　　　　　　　　　　　　　Датум 25.05.2021година

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.13/21-2
01.06.2021 година
К р а т о в о

До
[redacted]

ПРЕДМЕТ: Доставување информации од јавен карактер

Во Основен суд Кратово е примено Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено по е-маил на ден 31.05.2021 година.

Во врска со Вашето барање, согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во законски предвидениот рок се постапи по истото и по извршената проверка во АКМИС системот и предметите во судот Ви ги доставуваме следните информации:

1. Во Основен суд Кратово во периодот од 2014-2019 година има заведено два предмети од кривичните дела против животната средина и природата (глава XXII од Кривичниот законик) и тоа:
- во 2016 година:
 -предмет К.бр.20/16 каде што обвинето е 1 лице за сторено едно кривично дело незаконит риболов од чл.229 ст.1 од КЗ и огласен е за виновен при што му е изречена условна осуда со која на обвинетиот му е утврдена казна затвор во траење од 2 месеци која нема да се изврши под услов да обвинетиот во рок од една година време на проверување нестори ново кривично дело.
 -предмет К.бр.22/16 каде што обвинето е 1 лице за сторено едно кривично дело незаконит риболов од чл.229 ст.1 од КЗ и огласен е за виновен при што му е изречена условна осуда со која на обвинетиот му е утврдена казна затвор во траење од 2 месеци која нема да се изврши под услов да обвинетиот во рок од една година време на проверување не стори ново кривично дело.

2. Во Основен суд Кратово во периодот од 2014-2019 година има заведено два предмети за сторено кривично дело од чл.226 од КЗ „Пустошење на шума“ и тоа:
- во 2014 година -1 предмет К.бр.21/14 каде што обвинето е 1 лице и осудено на парична казна во износ од 300 евра во денарска противвредност.
- во 2018 година – 1 предмет К.бр.29/18 каде што обвинето е 1 лице и огласено е за виновно при што му е изречена условна осуда со која на обвинетиот му е утврдена казна затвор во траење од 8 месеци која нема да се изврши под услов да обвинетиот во рок од две години време на проверување не стори ново кривично дело.

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер,
Диме Петрушевски

Претседател на судот,
Судија,
Мирослав Георгиевски

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово